TIKVEŠ

WINERY

Врз основа на член 34 и 35 од Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД Скопје се објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ СЕДНИЦА**
**НА ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Скопје**

Годишното собрание на акционери на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД, Скопје ќе се одржи на ден 31.05.2011 година ( вторник ) со почеток во 11 часот во М6 Едукативен центар Скопје, на улица 810 бб Скопје.

За работа на Собранието се предлага следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување Записник од Собранието на акционери од 24.06.2010 година;

**Т.1**. Преглед на Годишниот извештај и Финансиските извештаи за работењето на ВВ ТИКВЕШ за 2010, Ревизорскиот Извештај за 2010, и Извештај за работењето на членовите на Управниот и на Надзорниот Одбор за 2010 и донесување на одлуки за следново:

- Одлука за усвојување на Завршната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Скопје, за 2010 година;
- Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа MOORE STEPHENS SKOPJE,
- Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работење на ВВ ТИКВЕШ СКОПЈЕ, А Д во 2010 година;
- Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Скопје, за 2010 година;

- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Скопје, за 2010 година.

**Т.2**. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД Скопје за 2011 година.

Во работа на Годишното собрание можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од нотар.

Услов за учество во работата на Годишното собрание е пријавување на акционерот или овластениот преставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почетокот на одржувањето на седницата на Годишното собрание.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на Годишното собранието може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Собранието ќе бидат ставени на увид на акционерите по објавувањето на овој повик во просториите на Правната служба на ВВ ТИКВЕШ секој работен ден од 8 до 10 часот.

Официјална интернет страница на друштвото е www.tikves.com.mk.

**ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД Скопје**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл. 31 и чл.32 од Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Скопје, Собранието на друштвото одржано на ден 31.05.2011 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За усвојување на завршната сметка за резултатите во работењето на Винарската визба ТИКВЕШ АД, Скопје во 2010 година

1. СЕ УСВОЈУВА завршната сметка за резултатите во работењето на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Скопје во 2010 година.

2.СЕ УТВРДУВААТ следните финансиски показатели за резултатите во работењето на Винарската визба ТИКВЕШ АД, Скопје за 2010 година

| Р.бр. | Е Л Е М Е Н Т И | Структура во % | И З Н О С |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварени приходи | 100 | 1.166.482.032,00 |
| 2 | Остварени расходи | 98 | 1.143.309.986,00 |
| 3 | Остварена бруто добивка | 2 | 23.172.046,00 |
| 4 | Данок од добивка | 0,41 | 4.828.556,00 |
| 6 | Остварена нето добивка | 1,57 | 18.343.490,00 |

3. Составен дел на одлуката е Завршната сметка, извештаите и друга документација за 2010 година.

4. Финансискиот сектор да ги извести надлежните служби Централниот регистар на РМ и Министарството за финансии Управата за јавни приходи, за остварениот финансиски резултат и неговата распределба со доставување на пропишаните обрасци за завршната сметка за 2010 година.

5. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл. 31 и чл.32 од Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Скопје Собранието на друштвото одржано на ден 31.05.2011 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка на

ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Скопје од ревизорската куќа

MOORE STEPHENS SKOPJE

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа MOORE STEPHENS DOO SKOPJE на Завршната сметка и на резултатите во работењето на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Скопје за 2010 година.

2. Составен дел на Одлуката е Извештајот од извршената контрола на ревизорската куќа MOORE STEPHENS DOO SKOPJE.

3. Одлуката влегува на сила веднаш со донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл. 31 и чл.32 од Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Скопје, Собранието на друштвото одржано на ден 31.05.2011 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За усвојување на Извештајот за резултатите од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД Скопје во 2010 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за резултатите од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД Скопје во 2010 година.

2. Извештајот за резултатите од работењето на друштвото во 2010 година е прилог и составен дел на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл. 31 и чл.32 од Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Скопје, Собранието на друштвото одржано на ден 31.05.2011 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД СКОПЈЕ во 2010 година

1. Распределба на добивката да се изврши според следното:

| Е Л Е М Е Н Т И | 2010 | |
|---|---|---|
| | Структура во % | И З Н О С во денари |
| Остварена нето добивка | 100,00 | 18.343.490,00 |
| Законски резерви (15%) | 15,00 | 2.751.523,00 |
| Добивка за понатамошна распеделба | 85,00 | 15.591.967,00 |
| Дивиденда за ПИОМ по основ приоритетни акции во висина од 2% | 5,00 | 915.988,00 |
| Остаток од добивка за реинвестирање | 80,00 | 14.675.979,00 |

2. Износ од 14.675.979,00 денари распореден во добивка наменет за реинвестирање да се користи во 2011 година за вложувања во нови инвестиции.

3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл. 31 и чл.32 од Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Скопје, Собранието на друштвото одржано на ден 31.05.2011 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За одобрување на работата на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ Скопје, во 2010 година**

**1.** СЕ ОДОБРУВА работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Скопје, за 2010 година и тоа:

За Управниот одбор: Светозар Јаневски - претседател и членовите Снежана Славкова, Мате Настески, Љупчо Крстевски, Ѓорѓи Петрушев, Јордан Настов и Ангеле Чолески;

За Надзорниот одбор: Ратко Чадиковски - претседател и членовите Светлана Пендаровска, Тихомир Атанасовски, Ведрана Јелушиќ - Касиќ, и независниот член Братољуб Раичковиќ.

**2.** Одобрувањето на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Скопје во 2010 година се врши врз основа на усвоените Годишни и финансиски извештаи за работењето во 2010 година, Извештаите за работата на Управниот и Надзорниот одбор во 2010 година и документацијата кон Извештаите.

**3.** Составен дел на одлуката се Годишните и Финансиските извештаи, Извештаите за работата на Управниот и Надзорниот одбор во 2010 година, како и друга документација за 2010 година.

**4.** Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл. 31 и чл.32 од Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт Скопје, Собранието на друштвото одржано на ден 31.05.2011 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВВ ТИКВЕШ АД Скопје за 2011 година**

1. ЗА ОВЛАСТЕН Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Скопје за 2011 година се определува ревизорската куќа ______________________________________________.

2. Се задолжува Генералниот директор на Друштвото со ревизорската куќа од став 1 на овој член да склучи договор за извршувањето на работите во смисла на претходната точка на оваа Одлука.

3.Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**